*Прилог 1: Формулар за поднесување коментари*

**Формулар за доставување коментари и предлози за Контролната листа на ПУЖССА за проектот**
***Реконструкција на локална улица „ТРАФО БЕБЕКОЈ - ВАРВАРА“ во Вевчани, Општина Вевчани***

**Опис на проектот**

Реконструкцијата на локалната улица „ТРАФО БЕБЕКОЈ - ВАРВАРА“ во Вевчани, Општина Вевчани е со вкупна должина од 458,13 m.

Локалната улица сега има променлива ширина од 2,5 – 5 m. Улицата е во доста лоша состојба, со пукнатини и ударни дупки. Се наоѓа во Вевчани и истата води до црквата Св. Варвара и гробиштата, а попатно понинува покрај индивидуални објекти за домување. Проектните активности вклучуваат кршење на постоечки асфалт, поставување на нов асфалтен слој и монтажни бетонски каналетки со решетки и изгадба на мрежа за улично осветлување. Предвидена е следната конструкција на патот: асфалтен слој БНХС 16 со дебелина од 7 cm, тампонски материјал со дебелина од 30 cm, одводнување со бетонски каналетки со димензии (500/300/435мм) со гусани каналски решетки со димензии (500/200/25мм) со носивост 400KN.

Предметната улица во Вевчани се протега од раскрсницата која води до горниот дел од населбата до црквата Св. „Варвара“ и централните гробишта. За време на градежните активности ќе се обезбедат алтернативни пристапи кои водат до црквата Св. „Варвара“ и гробиштата. Дозволената проектна брзина е 30 km/h, а должината на проектната улица е 458,13m.

Одводнувањето на површинската вода е обезбедено преку постоечки бетонски каналети и новопроектирани бетонски каналети со метална гусана решетка до новопредвидената пешачка патека на левата страна од коловозот и тоа од стационажа км 0+107,14 до стационажа км 0+289,00 (пропуст од постоечки канал). Предвидено е канализирање на атмосферската вода на десната страна од патот.

Поради изведените градежни работи за реконструкција на водоводната линија на локалната улица во минатото, како и неодамнешните градежни работи за изградба на нова канализациона линија на локалната улица, постоечкиот пат е дотраен, амортизиран и во лоша состојба. Тротоари ќе се направат на дел од улицата каде дозволуваат просторните услови.

Целта на спроведувањето на предвидените активности за реконструкција на проектната улица е да се подобри движењето на локалното население и безбедноста во сообраќајот.

Електронската верзија на Контролната Листа за ПУЖССА за проектот „Реконструкција на локална улица „ТРАФО БЕБЕКОЈ - ВАРВАРА“ во Вевчани, Општина Вевчани“ е достапна на следните веб-страници:

- Општина Вевчани ((https://vevcani.gov.mk/)
- МТВ/ЕИП: http://mtc.gov.mk/ или www.wbprojects-mtc.mk

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на лицето кое дава коментар *** | |
| **Контакт информации*** | **Е-пошта:** ______________________________ **тел:** _______________________________ |
| **Коментари во врска со Контролната листа на ПУЖССА:** | |
| **Потпис** ______________________ | **Дата** ____________________ |

**Ако имате какви било коментари / предлози или дополнувања за предложените мерки на Контролната листа на ПУЖССА за „Реконструкција на локална улица „ТРАФО БЕБЕКОЈ - ВАРВАРА“ во Вевчани, Општина Вевчани“, ве молиме доставете ги на одговорното лице од следната институција:**

**Контакт лице: Јоже Јовановски, ЕИП Министерство за транспорт и врски**

**e-mail:** joze.jovanovski @piu.mtc.gov.mk

**Во рок од 14 дена по објавувањето на Контролната листа на ПУЖССА за „Реконструкција на локална улица „ТРАФО БЕБЕКОЈ - ВАРВАРА“ во Вевчани, Општина Вевчани“**

**(датум на објава: 11.01.2024 година)**

**Референтен број: ______________________________**

(пополнето од страна одговорните лица за спроведување на проектот)